Доминантно место во стопанскиот развој на општината има индустријата, по што следат земјоделството и градежништвото, со нагласено учество на терцијарниот сектор (трговија, угостителство и мало стопанство). Локалната самоуправа е главниот носител на економскиот развој на општината посочувајќи ги економските потреби заради побрз стопански развој, привлекување на нови и зачувување на постојаните бизниси. Локалниот економски развој е сè она што општината може да го направи за подобрување на економијата и социјалната благостостојба на нејзините граѓани.

**Деловни субјекти по видови и сектори**
Извор: Државен завод за статистика



| Видови на деловни субјекти / Types of business subjects | | | | | | | Сектори на дејност / Section activities | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Претпријатија | Трговски друштва | ДОО | Трговец поединец | ДООЕЛ | Останато | Земјоделсто | Преработувачка индустрија | Градежништво | Трговија на големо и мало | Хотели и ресторанти | Финансиско посредување | Образование | Здравство и социјални работи | Сообраќај и транспорт | Здрузенија на граѓани | Јавни и локални установи |
| 342 | 40 | 28 | 35 | 74 | 130 | 35 | 18 | 46 | 3 | 211 | 9 | 3 | 4 | 14 | 9 | 20 | 5 |

Извор: Централен регистар, Делчево




Збратимени градови на општина Делчево се: Симитли - Бугарија, Жирардов - Полска, Борнова - Турција, Јагодина - Србија, Вишгород - Украина. Општина Делчево долги години успешно ја негува соработката како со збратимените градови така и со други градови и општини од странство: Благоевград - Бугарија, Невестино - Бугарија и Разлог

- Бугарија. Општина Делчево е членка на Еврорегионот Морава - Пчиња - Струма. Сп оред НУТС 3 - Номенклатурата на територијалните единици за статистика, Општина Делчево припаѓа на Брегалничкиот плански регион кој ќе биде полноправен член во Еврорегионот.